З А П И С Н И К

од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 30.03.2020 година.

Согласно деловникот за работа на Комисијата Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за четвртиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Предлог измена на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2020 година;
4. Разно.

Откако беа разгледани материјалите сите членови дадоа согласност за истите по што се задолжија службите во Агенцијата за понатамошно постапување.

Во однос на пристигнатите барања за донација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за помош за набавка на заштитни маски ракавици и останати заштитни средства за борба против Корона-19 вирусот, како и барањето на ТВ ВИС која бара помош по настанатата материјална штета по опожарување на објектот на телевизијата, членовите на Комисијата дадоа согласност да се спремаат материјали и испратат до Министерството за Правда како надлежно за давање мислење по донации.

Стевица Јосифовски, претседател___________

Гордана Клинчарова, член ____________________

Ервин Реџепагиќ, член_____________________

Дешира Имери, член _____________________

Горан Велинов, член _____________________

Наш број________________

Скопје 31.03.2020 год.